***СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ***

***Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Охридска банка Групација Сосиете Женерал (ОБСГ) ја претставуваат***

**Програмата за Жени во бизнис**

# *Започнување на Програмата за Жени во бизнис на ЕБОР*

***Кредити и советодавни услуги за развој на женското претприемништво***

**Скопје, 18 декември 2015.-** Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Охридска банка денес ја претстави ја Програмата за Жени во бизнис. Програмата го промовира женското претприемништво и ги поддржува претпријатијата раководени од жени, а е дел од регионалната иницијатива во шест земји во Западен Балкан.

**Охридска банка** е првата финансиска институција што се приклучи на Програмата во Република Македонија со кредитна линија од 3 милиони евра обезбедена од ЕБОР, а наменета за финансирање на претпријатија раководени од жени.

Програмата за Жени во бизнис им помага на претпријатијата раководени од жени да обезбедат финансии и практично знаење за да го развијат нивниот бизнис. Програмата за Жени во бизнис преку партнерските финансиски институции комбинира техничка помош за поддршка на жените претприемачи преку обуки, советодавни проекти, менторство и други активности за развој на бизнисот. Програмата на Западен Балкан е поддржана од донаторски средства од владите на Италија, Луксембург и Шведска и Специјалниот Фонд на акционери на ЕБОР.

Г-динот Владимир Пешевски, Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија за Програмата рече: "Промовирањето на женското претприемништво и развојот на секторот на мали и средни претпријатија се клучни приоритети на Владата на Република Македонија. Економското зајакнување на жените повеќе не е само прашање на полова еднаквост, туку клучен предуслов за социјален напредок и одржлив економски раст. Затоа, важна задача на државата и на приватниот сектор е да создадат услови кои ќе го поттикнат развојот на женското претприемништво."

Г-ѓа Анка Јонеску, Шеф на канцеларијата на ЕБОР во Скопје, истакна: "Веруваме дека поттикнувањето на женското претприемништво е важна компонента за исполнување на економскиот потенцијал на Македонија и Западен Балкан. Ова е сеопфатна програма која ги пополнува празнините во обезбедување финансии и советодавна помош за малите и средни претпријатија раководени од жени. Многу сме среќни што Охридска банка ни е партнер во оваа програма во Македонија. "

Охридска банка ќе искористи кредитна линија од ЕБОР во висина од 3 милиони евра наменета за мали и средни претпријатија што ги исполнуваат условите и се раководени од жени, за да го поттикне учеството на жените во економијата. Досега, Охридска банка заедно со ЕБОР соработуваше на иницијативите поврзани со енергетска ефикасност и конкурентност.

Г-ѓа Нина Неданоска, директор на секторот Корпоративно и инвестициско банкарство на Охридска банка изјави: "Пред неколку децении постоеја многу родови стереотипи што имаа силно негативно влијание врз амбициозните жени: жените се медицински сестри, а не лекари; жените се стјуардеси, не пилоти; жените се деловни асистенти, не менаџери. Благодарение на многу храбри и упорни жени низ годините, докажавме дека тие стереотипи се само митови и погрешни перцепции.
Со оваа програма, сакаме да ги охрабриме жените да работат напорно, да веруваат во своите соништа и никогаш да не се сомневаат во нивните можности и потенцијали! "

Програмата за Жени во бизнис беше претставена на церемонија во Скопје. На настанот присуствуваа повеќе од 150 претставници на бизнис заедницата.

Говорници на настанот беа: **Г-динот Владимир Пешевски**, Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија, **Г-ѓа Анка Јонеску**, Шеф на канцеларијата на ЕБОР во Скопје, **Г-ѓа Нина Неданоска**, Директор на секторот Корпоративно и инвестициско банкарство на Охридска банка и **Г-ѓа Билјана Цартова- Петровска,** Координатор за економска и трговска соработка, Амбасада на Кралството Шведска во Р. Македонија.

###

***ЕБОР*** *во сопственост на 64 земји и две меѓувладини институции, го поддржува развојот на пазарните економии и демократии. Следете нé на web, Facebook и Twitter.*

***Охридска банка, Групација Сосиете Женерал (ОБСГ)*** *е универзална банкарска институција што на македонскиот пазар е рангирана на четвртото место. Од 2007 година, ОБСГ е дел од една од најголемите финансиски институции во светот – Групација Сосиете Женерал. Со над 148.000 вработени, во повеќе од 76 земји, Сосиете Женерал е на страната на 30 милиони клиенти низ светот повеќе од 150 години.*